Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 април 2023 година**

**Скопје, април 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 април 2023 година**

Седницата започна во 13:10 часот.

Со седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, проф. д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата не учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Кернар Лога, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*
* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Кадровски прашања
2. Прашања и предлози

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

По однос на оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 2</u>**

**1.** Владата заклучи Заклучокот донесен на Сто и четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 март 2023 година, точка 35-прашања и предлози, со кој Владата ја донесе Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија, нема да се реализира, односно нема да важи.

Истовремено, Владата ги задолжи Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, да продолжат со анализа за утврдување на коефициентите за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија, како и на Економско- социјалниот совет да предложат системско унифицирано решение за цела држава во законот за плати и Општиот колективен договор и во соработка со политичките партии кои се застапени во Собранието на Република Северна Македонија.

**2**.Владата по предлог на д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, во врска со изградбата на Коридор 8, заклучи:

- Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта да го достави до Министерството за финансии Договорот за изградба на автопат на Коридор 8: делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Требениште-Струга-Ќафасан и автопат на Коридор 10 Д: делница Прилеп-Битола, број 09-2234/1 од 8.3.2023 година, а Министерството за финансии, истиот да го достави до Мисијата на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), за да се користи за целите на Кредитната линија за претпазливост и ликвидност (ПЛЛ Програмата) и да се третира како документ за ограничена употреба.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:25 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Димитар Ковачевски**